**20242424234**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА**

Врз основа на член 5 став (7) од Законот за користење на податоците од јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.193/24), министерот за дигитална трансформација, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА МИНИМАЛНИТЕ ТЕХНИЧКИ МОЖНОСТИ НА ОРГАНИТЕ И ИНСТИТУЦИИТЕ ОД ЈАВНИОТ СЕКТОР ЗА ДА ОБЈАВУВААТ ПОДАТОЦИ И ТЕХНИЧКИТЕ НОРМАТИВИ ЗА ФОРМАТОТ НА ПОДАТОЦИТЕ И НАЧИНОТ НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ИСТИТЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат минималните технички можности на органите и институциите од јавниот сектор за да објавуваат податоци кои ги создаваат во вршењето на своите надлежности кои ќе ги направат достапни за користење (во натамошниот текст: податоците) и техничките нормативи за форматот на податоците и начинот на објавување на истите.

Член 2

Минималните технички можности од член 1 од овој правилник се постоење на:
- интернет врска;
- работна станица која поддржува софтверски алатки неопходни за изготвување на податочните сетови во формат опишан во член 3 од овој правилник и
- организациона единица за информатичко–комуникациски технологии или најмалку едно вработено лице од оваа област.

Член 3

Податоците покрај во читлив формат, се објавуваат и како необработени податоци во компјутерски обработлив формат и се достапни во отворен формат заедно со нивните мета-податоци до најниското ниво на деталност.

Формати за објавување на платформата за отворени податоци се:
- XLS (Microsoft Office Excel);
- XLSX;
- CSV (Comma Separated Values);
- XML (Extensible Markup Language);
- JSON (JavaScript Object Notation) и
- Web services - API (Application Programming Interface).

Покрај форматите од ставот 2 на овој член од страна на органите и институциите од јавниот сектор може да се воспостави директен пристап за преземање на податоци од следните типови на бази на податоци:
- MS SQL Server,
- MySQL и
- Oracle DB.

Член 4

Податоците на платформата www.otvorenipodatoci.gov.mk се објавуваат од страна на органите и институциите од јавниот сектор на еден од следните начини:

- со испраќање на податоците преку постоечки веб сервис што подразбира користење на веќе постоечки веб сервиси, имплементирани од страна на органот или институција на јавен сектор достапни и за други намени. Испраќањето на податоците се реализира со користење на HTTP(S) протокол;
- со испраќање на податоците преку поставување на Excel датотеки од страна на органот или институција на јавен сектор на дефинирана локација, при што Excel датотеките се со однапред дефинирана и соодветно документирана структура и формат. Испраќањето на податоците се реализира со користење на FTP протокол или директна VPN комуникација;
- со испраќање на податоците преку постоечка релациона база на податоци која е веќе имплементирана и се користи за потребите на постоечките софтверски решенија на органот или институцијата на јавен сектор. Испраќањето на податоците се реализира со користење на директна VPN комуникација.

По исклучок од ставот 1 на овој член, во случај кога поради инфраструктурни или безбедносни причини, не може да се воспостави директна комуникација помеѓу хардверската инфраструктура во Министерството за дигитална трансформација и хардверската инфраструктура во органите и институциите од јавниот сектор, податоците се објавуваат од страна на органите и институциите од јавниот сектор со користење на генерички XML веб-сервис преку HTTP(S) протокол како дополнителна компонента на платформата за отворени податоци, која овозможува технички интерфејс за преземање на отворените податоци. Конфигурацијата на генеричкиот веб сервис подразбира дефинирање на технички детали за оригиналниот извор на податоци од каде треба да се вчитаат податоците, нивна обработка во XML формат и нивна достапност преку HTTP(S) повик од страна на централната платформа за отворени податоци.

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за минималните технички можности на органите и институциите од јавниот сектор за да објавуваат податоци и техничките нормативи за форматот на податоците и начинот на објавување на истите („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/15).

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 15-629/3
25 ноември 2024 година
Скопје

Министер
за дигитална трансформација,
**Стефан Андоновски,** с.р.